**Република Македонија**
**Агенција за храна и ветеринарство**

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 19-1103/2
01. 04. 2016

Врз основа на член 20, став (1), алинеа 16, а во врска со член 55 од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија“ број 157/2010, 53/2011, 1/2012, 72/2015 и 123/2015), решавајќи во постапката за издавање одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии, по барањето број 19-1103/1 од 09.02.2016 година на **„ДПТТУ ЛУЦЕРН ВИП“ ДОО СКОПЈЕ**, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство издаде:

# О Д О Б Р Е Н И Е
## за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии

1. На операторот со храна **„ДПТТУ ЛУЦЕРН ВИП“ ДОО СКОПЈЕ**, со адреса ул. Ангел Димовски бр. 8-5/13 од Скопје, му се издава одобрение за ставање во промет на новата состојка: **зеолит клиноптилолит**-ZEOLITE која е состојка во производот „NANOZEOLIT“ во пакување од 6 g, 20 g, 120 g, 200 g и 250 g, од производителот: ДПТТУ Луцерн Вип ДОО, Скопје, ул. Качанички пат бр. 52, Скопје.
2. Одобрението од точка 1 се издава на рок од 10 години.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**„ДПТТУ ЛУЦЕРН ВИП“ ДОО СКОПЈЕ**, со адреса ул. Ангел Димовски бр. 8-5/13 од Скопје, достави барање број 19-1103/1 од 09.02.2016 година за издавање одобрение за ставање во промет на новата состојка: зеолит клиноптилолит-ZEOLITE која е состојка во производот „NANOZEOLIT“ во пакување од 6 g, 20 g, 120 g, 200 g и 250 g, од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии.

Агенцијата за храна и ветеринарство постапувајќи по наведеното барање изврши увид во приложената документација и констатира дека **се исполнети барањата** пропишани во Правилникот за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/12 ) и Правилникот за начинот и постапката на издавање на одобрение, нејзиното времетраење, потребната документација и висината на трошоците во постапката за издавање на одобрение за ставање во промет на производот од групата на храна и состојки на храна произведени со иновирани технологии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/11).

Врз основа на напред наведеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова одобрение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 8 дена од денот на неговото доставување преку овој орган до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Решено под бр. 19-1103/2 во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

**Директор,**
**м-р Зоран Поповски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за храна и ветеринарство
СКОПЈЕ

Изработил: Бошко Стојкоски
Контролирал: Сузана Поповска
Одобрил: Прим. Д-р Ленче Јовановска
Доставено до:
- ДПТТУ Луцерн Вип ДОО-Скопје
- Архива на АХВ

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.15994/0

ОБ 7.5-3.3-06в01